РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр УП-I-10-25
21.12.2022 год.
РЕСЕН

**ДО:**

д. п.

**Предмет: Достава на одговор, Информации од Јавен Карактер**

Почитувани,

По Вашето барање евидентирано под бр УП-I-10-24 од 01.12.2022, На кој начин ги консултирате младите при креирање на буџет за 2023, доставете ни записник од предлози за буџетот за 2023 год. Согласно член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на СРМ" бр. 101/19), Општина Ресен постапи по Вашето барање, Ви го доставуваме одговорот на вашето барање:

Општина Ресен пред да отпочне со изготвување на Буџетот за 2023 год одржа неколку јавни трибини на кои активно зедоа учество поголем број на граѓани од разни сфери на општеството во општината со свои анализи, предлози и идеи со барање истите да се вградат во Буџетот на општината за 2023 година.

Јавните трибини се одржаа во неколку месни заедници, општинската зграда како и посебна јавна трибина во просториите на средното училиште "Цар Самоил" во Ресен на која учествуваа исклучиво млади луѓе на која трибина ги искажаа своите барања и потреби.

Во прилог Ви ги доставуваме записниците од јавните трибини:

- -Записник од јавна трибина од 06.12.2022 со број 09-2951/1
- -Записник од јавна трибина од 07.12.2022 со број 09-2951/2

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

**Изработил:** Аријан Лумани

**Контолирал:** Зухра Алиовска

**Одобрил:** Зоран Кипревски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 09 - 2951/1
06. 12. 2022 год.
РЕСЕН

Записник од одржаниот состанок за креирање на буџетот

на Општина Ресен одржан на 03.12.2022. година

На ден 03.12.2022. година со почеток во 13:00 часот во големата сала на Општина Ресен се одржа состанок за креирање на буџетот на општината за 2023. година. На состанокот беа присутни Градоначалникот на Општина Ресен Јован Тозиевски, Секретарот Зоран Кипревски , Претседателката на Советот на Општина Ресен Д-р Ирена Стрезовска Кукуловска,советниците на Општина Ресен, претставници на секторите на Општината, претставници на Месните заедници, стопанствениците, спортски клубови, културно уметничкото друштво, образовните институции, младински организации и здрженија како и граѓани на Општина Ресен. Состанокот се одвиваша во контекс на давање на предлози и идеи од страна на граѓаните за креирање на буџетот.

Состанокот го отвори Градоначалникот со излагање за оствареното во минатата година , проблемите со ко се соочивме како и наследен мал буџет и долгови. Граѓаните ги запозна подетално со остварените два големи проекти ,,Зелен Транспорт" и ,,Свети води". И планот за реализација на нови проекти. Заложбите да се зголеми буџетот оваа година како и плановите за издвојување на средства за спортот и културата. Градоначалникот изјави дека со домаќинско и чесно работење се цели кон подобрување на финансиската состојба на општината со што ќе се зголемат инвестициите на сите полиња. Се обрати до граѓаните да дадат предлози за насочување на буџетот за реализација на недостатоците и приоритетните проекти .

Жанета постави прашање дали се планира да се изврши измена на деталниот урбанистички план и изградба на обиколница и канализација во делот на индустриската зона кај фабриката Свисслион Агроплод.

Одговорот гласеше дека има план за проект за канализација која почнува од с. Јанковец со прекин на делот кај што се влеваат атмосферските води кај реката кај ул,, Наум Веслиевски".

Обиколницата не е планирана во буџетот за 2023 год. Има трасирана обиколница по урбанистички план кој претходно бил изготвен. Ќе се нарача проект за асфалтирање и експропијација.

Исто така во делот урбанизам минималните средства кои ги има општината ќе се пренасочат за урбанизација на делот од индуструиската зона, како и крајбрежјето на Преспанското езеро во соработка со МЖСПП. Посочено е дека има заинтересиран инвеститор за урбанизација и создавање на фински населби во с. Долно Дупени.

Од м. Заедница с. Царев двор беше поставено прашање дали ќе се изгради потпорен ѕид на реката.

Се одговори дека од БЗРР се одобрени средства од 1.300.000 ден. за реализациј на тој проек и потпишан е и договор за изградба на речното корито.Реализацијата ќе се одвива во две фази прво кај што минува реката пред куќите па потоа и другиот дел на реката.

Претседателката на м. Заедница Подмочани даде предлог и прашање колку може општината да допринесе за изградба на фабрика за преработка на производи од јаболка. Даде предлог иницијатива за собирање на потписи за субвенционирање кој ќе се прати до Влада како и за наоѓање на инвеститор за отворање на фабрика да не се извезуваат јаболката туку тука да се преработуваат тука во Ресен во индустриската зона. Исто така се даде предлог за да се поднесе барање до влада за заштита и спас на езерото.

Се одговори дека сите ресурси на општината се на располагање за земјоделските здруженија да се изнајде решение за пласман на јаболката. Искомуницирано е со Романија за пласман на јаболкото, пред нив е извршено и презентирање но немаме финален одговор. Во Полска се посетени преработувачки капацитети искомуницирано е со повеќе преработувачки капацитети, но поради кризата сакаат да дојдат на сигурно. Но се што е во надлежност на локалната самоуправа на тоа поле се прават напори да се исконтактираат инвеститори и да се реши проблемот со откупот на јаболкото. Има најавен инвеститор за изградба на ладилникуште да се одбере локација и да се урбанизира.

Исто така во врска со средствата кои беа доделени од Влада за спас на Преспанското Езеро, градоначалникот истакна дека Владата бара да се вратат назад но тие средства нема да се вратат но ќе се пренаменат за канализации , прочистителни станици, чистење на речни корита , трска .

Предлогот на Марија од здружението Еко Герила во врска со донесувањето на буџетот беше , формирање на младински совет, негова финансиска одржливости подобрување на квалитетотна животот на младите.Да се даде поголемо значење на ЛЕС и да се поработи на едукација на кадри о одвојување на средства наменети за здруженијата.Проекти се прават и откако ќе се направат тие се стопираат па затоа им е потребна одржливост за која треба да се одвојат средства од буџетот. Едно од нејзините прашања беше кои се приоритетни средства и дали се предвидува да се издвојат средства од буџетот за заштита на животната средина.

Се одговори дека за сите проекти вклучувајќи го и проектот ЕУ за Преспа, пред се се комуницира со МЖСПП и дека се издвоени средства за тоа а и проектот за канализација во селата Подмочани, Грнчари и Стење е веќе завршен.

Во врска со младите општината ја вложува сета сила за создавање на урбани места каде што младите и децата ќе се дружат. Предвиден е проект за изградба на детско игралиште во центарот на Ресен како и изградба на модерно

игралиште за баскет во дворот на ОУ,,Мите Богоевски". Во наредниот период ќе се збогатат и културните содржини кои ќе овозможат забава на младите.

Од м. Заедноца с.Дупени се постави прашање во врска со асфалтирање на 400-500 м стар пат до граничниот премин Маркова нога како и се побара помош за расчистувае на патот до манастирот Св Богородица и црквта Св. Атанас кој поврзува четири стари цркви.

Се одговори дека ќе се излезе на терен и со стручните служби ќе се разгледа да се најде соодветно решение за тој проблем.

Соња која е член на ЛЕС даде предлог да влезе во буџет работењето на ЛЕС , да се потпомогне локалните бизниси да ги зголемат капацитетите со што ќе се овозможи отварање на нови работни места за младите. Помош на спортските клубови и КУД Таше милошевски.

Одговор на ова прашање даде претседателката на совет која истакна дека младинскиот совет не функционира и дека ќесе побара негова реактивација.

Од м.Заедница с. Златари се побара помош да се вметне во буџет реконструкција на оштетениот пат до . златари, на што се одговори дека ќе се направат напори во границте на можностите на општината за да се реалзира реконструкцијата.

Од м. заедница с. Асамати истакнаа дека имаат проблем со стариот водовод од с. Курбиново и побараа негова реконструкција бидејќи е многу оштетен и се даде препорака за петака св. Води да се дадат дозволи за создавање на Хотбоксови по патеката.

Одговорено е дека е прифатливо да се изградат видиковци и самопромовирање на патеката како и Преспа, а во врска со восдоводот , горната линија на водоводот се планира да се санира за базените да се снабдуват со повеќе вода.

Од м. Заедница с. Штрбово го истакнаа поблемот со дивите депониипо шумските патеки на селотои поставија прашање дали постои проект за изградба на канализација за селото.

Како одговор е кажано дека секојдневно се чистат дивите депонии но самата совест на народот е на многу ниско ниво, а во врска со изградбата на канализацијата додека не се дефинира проектот не може да се каже дали во поскоро време че се реализира.

Од м.Заедница с. Горно Дупени е даден предлог да се обноват жиро сметките на месните заедници па така да можат да се добиваат средства и од иселениците кои сакаат да помогнат финансиски на својот роден крај. Предлогот беше поздравен и прифатен доколку се може да се обноват жиро сметите.

Од м. Заедница с. Лавци го истакнаа проблемот со превозот на учениците кои се возат во старо комбе и дали има некакво решение. Одговорено е дека

проблемот ќе се реши со тоа што електричното комбе кое е добиено со проектот Зелен транспорт ќе се ангажира за превоз на учениците.

Даринка Веслиевска постави прашање и даде предлог за отварање на центар за забава на помалите дечиња од предшколска возраст до тринаесет години , место каде што ќе имаат катчиња за забава и дружење.

Се одговори дека е составен проект за реконструкција на зградата на старата пожарна за отварање на младински центар.

Од м. Заедница с. Крани беше поставено прашањето за реконструкција на патната инфраструктура во Долна Преспа и до каде е постапката за иградба на прочистителна станица. На ова прашање се одговори дека е планирано прочистителната станица да влезе во проектот ЕУ за Преспа.

Пеце како претставник на младите постави прашање дали се планирани спортски и музички настани во наредниот период и доби одговор дека во наредната година се планирани голем број на културни настани. Општината максимално ќе се вложи во заживувае на згаснати фестивали како и во подобрувањето на културниот и спортскиот живот на младите.

Беше поставено и прашањето за повеќекратен линискиот превоз во текот на денот кој го поврзува градот со околните селаа , но тоа зависи од приватните превозници кои се соочуваат со високите цени на нафтата и нафтените деривати.

Од Зоран претставник на м. Заедница с. дрмени се даде предлог да се стави сообраќајен ред на паркингот позади Општината како и проширување на паркингот на градските гробишта и решавање на проблемот со каналот кај гробиштата, како и изградба на канализацја во с. Дрмени.

Се одговори дека изградбата на канализацијата е внесена во програмата за 2023 година а исто така планирано е чистење на каналот и асфалтирање на паркингот кја градските гробишта.

Како претставник на Свисслион Агроплод, Генче Митревска го истакна проблемот со канализацијата на фирмата, и проблемот со високите дрвја кои се прераснати и прават ѓубре на паркингот пред фабриката со што го попречуваат паркирањето на вработените.

Овој проблем ќе се разгледа и се планира да се реши.

Прифатен беше и предлогот на Слаѓана граѓанка која предложи манифестацијата Априлијада да стане спектакуларен настан со излегување на сите граѓани на дефилето сите под маски , да стане традиционална мнифестација проследена со музички концерти со настани распределени преку целиот ден и дефилирање на групни маски како и избор на најдобра маска.

Со кратко резиме на предлозите состанокот заврши во 15ч.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 09-2051/2
07.12. 2022 год.
РЕСЕН

Записник состанокот за креирање на буџетот на Општина Ресен за 2023 година одржан во СОУ ,, Цар Самоил " Ресен

На ден 07.12.2022. год. со почеток во 11:00ч во салата на СОУ,, Цар Самоил" се одржа состанок за креирање на буџетот на општината за 2023 год. на кој е планирано да заземат учество и младите. Состанокот беше со цел да се вклучат младите со своите идеи и предлози за креирање на буџетот на општината.

По обраќањето на Градначалникот Јован Тозиевски, учениците ги изнесоа своите идеи и предлози и упатуваа прашања до Граоначалникот.

Беа изложени интересни и прифатливи идеи.

Се даде предлог за промена на заштитната мрежа на фудбалското игралиште во с. Јанковец, како би можеле децата побезбедно да играат фудбал

Оспособување на тениското игралиште кај ОУ,, Гоце Делчев" кое е доста привлечно за таа генерација особено налето во вечерните часови да играат тенис.

Отварање на клубче за млади во гимназијата каде младите за време на училишните одмори ќе се дружат и одморат.

Организирање на повеќе културни, уметнички настани и концерти за младите во текот на летото каде што не ќе мораат да патуваат во соседните градови на концерти.

Организирање на спортски турнири во фудбал, ракомет , кошарка па дури тоа може да бидат меѓуопштински турнири помеѓу средните училишта.

Поставување на електронска информативна табла на училиштето , со што ќе се овозможи брзо и навремено информирање на учениците.

Решавање на проблемите со превозот на учениците до гимназијата

Како и организирање на училишни екскурзии после двегодишната затвореност на младите поради корона кризата.

Градоначалникот заблагодарувајки им се за приложените предлози ги извести дека голем дел од предлозите се прифатливи а нивното реализирање ќе биде во границите на можностите на општината.

Состанокот заврши во 13:00ч.